РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп.1 бр. 11-546
10.03. 2015 година
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор на Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово бр.11-1704/1 од 05.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервис, Директорот на Агенцијата на ден 09.03.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервис**

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово – аналоген пакет, заради реемитување на програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-1704/1 од 05.03.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по Решението односно продолжи со вршење на повредата за која е опоменет, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно.
   Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), презема мерки во согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на ден 03.03.2015 година изврши програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во рамките на аналогниот пакет на операторот Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, при што констатираше дека е сторена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите и описот на прекршувањето се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-1704/1 од 05.03.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, член 23 став 1 алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-1704/1 од 05.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение со кое кон наведениот субјект се презема мерка опомена и му се наложи веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмскиот сервис.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред

надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):
- Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.11-1704/1 од 05.03.2015 година

Доставено до:
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово;
- Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово;
- Раководител на Одделението за заштита на авторски права;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Примено: 05.03.2015
11 1704

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: контролен

2. Субјекти на надзорот: Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово - аналоген пакет

3. Датум на извршување на надзорот: 03.03.2015 година.

4. Предмет на надзорот:

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

5. Претходно изречена мерка:

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-476 од 13.11.2014 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор на бр.11-5605/1 од 12.11.2014 година, со кој беше констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Решението е уредно примено на 15.11.2014 година.

6. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор е констатирано дека овој оператор во рамките на својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис Канал 5 Плус, кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Предлог мерка:

Иако со контролниот надзор е утврдено дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа и покрај донесеното решение за опомена во 2014 година, продолжува со вршење на истата повреда на Законот, а имајќи предвид дека за повредата на оваа законска одредба, не е опоменет во текот на 2015 година, согласно член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не може да се поднесе барање за поведување прекршочна постапка. Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис Канал 5 плус за Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**